Уп. Бр.08-91/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Генерали Азија Н.В., со регистрирано седиште на АлпхаТовер, кат 20, Де Ентрее 91, Амстердам, Ноорд-Холланд 1101БХ, Холандија, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 01.09.2021 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на **Генерали Азија Н.В.,** со регистрирано седиште на АлпхаТовер, кат 20, Де Ентрее 91, Амстердам, Ноорд-Холланд 1101БХ, Холандија над: **АКСА Афин Лајф Иншуранс Берхад**, со регистрирано седиште на 8ми кат ЧуланТовер бр. 3, ЈаланКонлај, 50450, Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија, **АКСА Афин Генерал Иншуранс Берхад**, со регистрирано **седиште** на приземје, Висма Бустед, 71, Јалан Раџа Чулан, 50200 Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија; и **МПИ Генерал Иншуранс Берхад,** со регистрирано седиште на 39ти кат, Менара Мулти-Прпс, Капитал Сквер, Бр. 8, ЈаланМунши Абдула, 50100 Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 12.08.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **Генерали Азија Н.В.,** со регистрирано седиште на АлпхаТовер, кат 20, Де Ентрее 91, Амстердам, Ноорд-Холланд 1101БХ, Холандија со која **Генерали Азија Н.В.,**, ќе стекне единствена контрола врз **АКСА Афин Лајф Иншуранс Берхад**, со регистрирано седиште на 8ми кат ЧуланТовер бр. 3, ЈаланКонлај, 50450, Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија, **АКСА Афин Генерал Иншуранс Берхад**, со регистрирано **седиште** на приземје, Висма Бустед, 71, Јалан Раџа Чулан, 50200 Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија; и **МПИ Генерал Иншуранс Берхад,** со регистрирано седиште на 39ти кат, Менара Мулти-Прпс, Капитал Сквер, Бр. 8, ЈаланМунши Абдула, 50100 Куала Лумпур, Сојузни Територии, Малезија.

Сите овие трансакции кои резултираат со стекнување на единствена контрола над АКСА Афин Лајф Иншуранс Берхад, АКСА Афин Генерал Иншуранс Берхад, и МПИ Генерал Иншуранс Берхад од страна на Генерали Азија Н.В. се договорно условени и претставуваат единствена концентрација во смисла на член 12 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Генерали Азија Н.В.** е дел од Генерали Групацијата, меѓународна групација на компании активни на пазарот на осигурување (сите активности на "животно", и "неживотно" осигурување и реосигурување) и во финансискиот сектор. Генерали Групацијата е присутна во повеќе од 50 држави во светот, со повеќе од 400 зависни друштва. Генерали АзијаН.В. претставува зависно друштво кое е во целосна индиректна сопственост на Асикурациони Генерали С.п.А., со регистрирано седиште на Пиаца Дукадељи Абруци бр. 2, Трст ("Асикурациони Генерали"). Генерали Азија Н.В. е инвестициона холдинг компанија чија главна дејност е да ги поседува удели на Асикурациони Генерали во нејзините зависни друштва и друштва на заеднички вложувања, кои главно се занимаваат со животно и неживотно осигурување, како и реосигурување, во Азија, имено: Хонг Конг САР, Сингапур, Индонезија, Малезија, Филипините и Тајланд.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку нејзиното зависно друштво ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, друштво за управување со инвестициски фондови, со седиште на Бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје, кое е активно во секторот за управување со инвестициски фондови.

**АКСА Афин Лајф Иншуранс Берхад** е друштво на заедничко вложување помеѓу Афин Холдингс Берхад и АКСА Групација, кои обезбедуваат животно осигурување на потрошувачи од Малезија. АКСА Афин Лајф Иншуранс Берхад нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија ниту има остварени приходи на пазарите во Северна Македонија.

**АКСА Афин Генерал Иншуранс Берхад** е друштво на заедничко вложување помеѓу Афин Холдингс Берхад и АКСА Групација, и е главно активно во реосигурување на сите класи на генерално осигурување во Малезија. АКСА Афин Генерал Иншуранс Берхад нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија ниту има остварени приходи на пазарите во Северна Македонија.

**МПИ Генерали Иншуранс Берхад** е друштво на заедничко вложување помеѓу Мулти-Прпс Капитал Холдингс Берхад и Генерали Азија и се занимава со реосигурување на сите класи на генерално осигурување во Малезија, вклучувајќи осигурување на имот, патничко осигурување, осигурување од несреќи и осигурување на патничко возило. МПИ Генерали Иншуранс Берхад нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија ниту има остварени приходи на пазарите во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

***Упатство за правно средство:***
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**